Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Арх. знак
Рок на чување
16-08-2019
Ад.

# ПРАВИЛНИК
за утврдување на надоместоци на воениот и цивилниот персонал за учество во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија

Скопје, 2019 година

Врз основа на член 200 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката (во натамошниот текст: надоместоци).

Како учесници во хуманитарни или мировни операции од став 1 од овој член, се смета и воен и цивилен персонал упатен на примопредавање на должноста за смена на контингентите и контрола и во случај на вонреден настан за време на вршење на тие должности.

Член 2

Надоместоците за учество во мировни или хуманитарни операции се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и се користат во рамките на средствата на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

Надоместоците од ставот 1 од овој член, се исплатуваат од денот на упатувањето во мировната или хуманитарна операција, до денот на враќањето во Република Северна Македонија.

Член 3

Исплатата на надоместоците се врши врз основа на решение на министерот за одбрана или од него овластено лице, со кое се утврдува и висината на платата на воениот и цивилниот персонал на денот на упатувањето во мировната или хуманитарна операција.

Платата на воениот персонал за време на упатувањето во мировни или хуманитарни операции е во висината на чинот, должноста на која биле поставени пред упатувањето, работното искуство и армискиот додаток и додаток на плата за посебен степен на образование.

Платата на цивилниот персонал е во висина на степенот на образование за работното место на кое е распореден пред упатувањето, должноста, работното искуство, армискиот додаток и додатокот на плата за кариера.

На учесниците во мировни или хуманитарни операции данокот и придонесите од плата им се пресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот на упатувањето, согласно ставот 2 и ставот 3 од овој член.

## II. НАДОМЕСТОЦИ ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНИ ИЛИ ХУМАНИТАРНИ ОПЕРАЦИИ

Член 4

На учесниците во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката им се исплатуваат надоместоци и тоа:

- основен надоместок за учество,
- дополнителни надоместоци за вршење задачи во отежнати услови за работа (ризик и лоши климатски услови), за извршување на командни должности и за вршење на летачки задачи и
- други надоместоци.

Член 5

Основниот надоместок за учество се утврдува како дневен надоместок во висина од 85 евра.

Член 6

Дополнителен надоместок за учество во мировни или хуманитарни операции се утврдува заради вршење задачи во отежнати услови за работа (ризик и лоши климатски услови), за извршување на командни и раководни должности и за вршење на летачки задачи, во висина на определен процент од основниот дневен надоместок.

Дополнителните надоместоци од ставот 1 од овој член меѓусебно не се исклучуваат.

Висината на дополнителните надоместоци од став 1 од овој член, со решение ги утврдува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Член 7

Пред упатувањето на учесниците во хуманитарни или мировни операции, Министерството безготовински им исплатува аконтација во износ од 2.000 евра, односно 2.500 американски долари.

Износот на исплатената аконтација од ставот 1 од овој член, се задржува од вкупниот износ на основниот и дополнителниот надоместок за учество во пет еднакви рати, започнувајќи од наредниот месец од месецот во кој е исплатена аконтацијата, односно во помал број на рати доколку мировната или хуманитарната операција трае пократко од шест месеци.

Член 8

Други надоместоци од член 4 од овој правилник се:

- надоместок за репрезентација и други непредвидени трошоци,
- надоместок за трошоци за лекување,
- надоместок за пренос на посмртни останки и
- надоместок на трошоци за комуникациски и информациски услуги и сервиси.

Член 9

Право на репрезентација и други непредвидени трошоци имаат учесниците во мировни или хуманитарни операции, со највисок чин или лидерот на тимот.

Висината на средствата за репрезентација и други непредвидени трошоци за секоја мировна или хуманитарна операција одделно, со решение ги определува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Член 10

Надоместоци на трошоци за лекување на учесниците во мировни или хуманитарни операции паѓаат на товар на Министерството.

Член 11

Во случај на смрт на учесник во хуманитарни или мировни операции, трошоците за пренесување на посмртните останки во Република Северна Македонија, паѓаат на товар на Министерството.

Член 12

Право на надоместок за комуникациски и информациски услуги и сервиси добива секој поединец за остварување на комуникација со семејството.

Висината на надоместокот на трошоци за комуникациски и информациски услуги и сервиси за остварување на комуникацијата со семејството за секоја мировна или хуманитарна операција одделно, со решение ги определува министерот за одбрана или од него овластено

лице.
Правото и висината на надоместокот на трошоци за комуникациски и информациски услуги и сервиси за остварување на процесот на командување и контрола за секоја мировна или хуманитарна операција одделно, со решение ги определува министерот за одбрана или од него овластено лице.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи „Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката" бр. 01-3940/1 од 24.07.2012 година и бр. 02-7358/1 од 14.12.2018 година.
По исклучок на став 1 од овој член, „Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката" бр. 01-3940/1 од 24.07.2012 година и бр. 02-7358/1 од 14.12.2018 година, продолжува да важи за активниот воен и цивилен персонал упатен во операциите од став 1 на овој член заклучно со 15.08.2019 година.

Член 14

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-4849/1
16-08-2019
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска - Јанковска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА XIII СКОПЈЕ